**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-115/1**
**Скопје, 24.01.2008 година**

**ДО**

**ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ФЕМО КУЛАКОВ“ НЕГОТИНО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавна установа детска градинка „Фемо Кулаков“ – Неготино (ЈУ ДГ „Фемо Кулаков„ Неготино), сметка на основен буџет - 603 за 2006 година, кои се прикажани на страните од 3 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметка на основен буџет - 603 на ЈУ ДГ „Фемо Кулаков“ - Неготино, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Елизабета Петрова – директор на ЈУ ДГ „Фемо Кулаков„ Неготино во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 15.10.2007 до 18.10.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на основен буџет – 603 на ЈУ ДГ „Фемо Кулаков“ – Неготино под 31 декември 2006 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај сметката на основен буџет – 603 на ЈУ ДГ „Фемо Кулаков“ – Неготино, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 28.12.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ЈУ ДГ„ФЕМО КУЛАКОВ“ НЕГОТИНО**

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ - 603**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 11,133 | 10,768 |
| **Вкупно приходи** | | **11,133** | **10,768** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2. | 11,133 | 10,650 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 0 | 8 |
| Стоки и услуги | | 0 | 60 |
| Субвенции и трансфери | | 0 | 50 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **11,133** | **10,768** |
| **Вкупно расходи** | | **11,133** | **10,768** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |

**ЈУ ДГ„ФЕМО КУЛАКОВ“ НЕГОТИНО**

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ - 603**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 847 | 758 |
| **Вкупно тековни средства** | | **847** | **758** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | | 0 | 15,812 |
| **Вкупно постојани средства** | | **0** | **15,812** |
| **Вкупна актива** | | **847** | **16,570** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.2.1. | 847 | 758 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **847** | **758** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 0 | 15,812 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **0** | **15,812** |
| **Вкупна пасива** | | **847** | **16,570** |



*Ул:„Маршал Тито“ бр.12/3*
*Палата Македонија – Скопје*
*тел:3211-262; факс 3126-311*

*Овластен државен ревизор*
-------------------------------------------

**ЈУ ДГ„ФЕМО КУЛАКОВ“ НЕГОТИНО**

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ - 603**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **15,813** | | **15,813** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Пренос од средства во подготовка | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| Расходување | | | - |
| **Намалување по основ на:** | **15,813** | **-** | **15,813** |
| Отпис на капитални средства | 15,813 | | **15,813** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | - |
| Амортизација | | | - |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **-** | **-** | **-** |